ЛЕКЦИЈА 09

# 10 ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ НА КОМПОЗИЦИЈА

ПОДГОТОВКА : 30' | НАСТАВА : 1 X 60'

## АПСТРАКТ

Ова сценарио за учење нуди практични совети за пишување за некои од основните принципи на составувањето односно композиција на еден текст. Следејќи ја главната книга „Елементи на стил“ од Strunk&White, таа ги сумира овие елементи во топ 10 елементарни принципи на композиција. Овие 10 практични правила/совети се: Чувајте ги поврзаните зборови заедно; Во резимирањето држете се до едно време; Поставете ги нагласените зборови од реченицата на крајот; Избегнувајте низа од едноставни реченици; Исфрлете ги непотребните зборови, Користете концизен, специфичен, конкретен јазик, Ставете ги изјавите во позитивна форма, Користете го активниот глас, Направете го параграфот единица која ке ги состава останатите параграфи, Изберете соодветен дизајн и држете се до него.

## КЛУЧНИ ЗБОРОВИ

*Композиција, Пишување, Известување, Стил*

## ОНЛАЈН ЕДУКАТИВНИ РЕСУРСИ

- *Лекција за основни принципи на композиција од mediactiveyouth.net*
- *Prezi презентација за основни принципи на композиција*
- *Елементите на стил од Strunk&White*
- *Онлајн тест за стил*

## ЦЕЛТА НА ЛЕКЦИЈАТА

Целта на оваа лекција е учесниците да научат неколку практични совети кои се од суштинско значење за пишувањето и да видат кои се најважните карактеристики на новинарското пишување и доброто известување на професионалците.

## РЕЗУЛТАТИ ОД ЛЕКЦИЈАТА

Учесниците подобро ќе ги разберат основните принципи на композицијата, ќе можат да ги препознаат, а со тоа и да се оспособат да ги вежбаат понатаму и да ги применат во пишувањето.

## ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЛЕКЦИЈАТА

**1-5 минути: Загревање** - Ефективен начин за вклучување на учесниците и поставување на заеднички очекувања за тоа што ќе научат е да се постават неколку прелиминарни прашања на темата. Едукаторот ја воведува темата и содржината на часот, подготвува PowerPoint/Prezi презентација; различни наставни методи: предавање, дискусија, саморефлексија.

**Заедничко учење** – 30 минути учесниците зборуваат за медиумите; користејќи презентација едукаторот ги покажува советите за принципите на составување/композиција. Овие 10 совети се претставени по обратен редослед од бр. 10 до бр. 1, како во топ-листата на најголеми хитови, со цел да бидат поатрактивни и попривлечни за учесниците. Овие топ 10 совети се: : Чувајте ги поврзаните зборови заедно; Во резимирањето држете се до едно време; Поставете ги нагласените зборови на крајот од реченицата; Избегнувајте низа од едноставни реченици; Исфрлете ги непотребните зборови, Користете концизен, специфичен, конкретен јазик, Ставете ги изјавите во позитивна форма, Користете го активниот глас, Направете го параграфот единица која ке ги состава останатите параграфи, Изберете соодветен дизајн и држете се до него.

**35-40 Во следните 5 минути**, едукаторот ја покажува книгата Елементите на стил од Strunk&White за основните принципи на пишување на англиски јазик и ја препорачува за понатамошна употреба.

Додека ја презентирате содржината, погрижете

**40-55 минути: Учење базирано на игра / Проценка на** – учесниците прават ***тест за добар стил*** преку Moodle.

**55-60 минути: Заклучок** - Направете кратко резиме за лекцијата и поставете неколку прашања со кои ке ги потенцирате пораките кои сакате да останат запаметени од оваа лекција.

## МАТЕРИЈАЛИ / АЛАТКИ

Видео проектор, лаптоп/десктоп, интернет конекција, Moodle!

PowerPoint/Prezi презентација која е збогатена со визуелни материјали (слики) и фактички информации базирани на истражување.